Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## ФОТОАПАРАТ ИЛИ МОБИЛЕН?

"LG" за оваа есен го најави својот нов модел, мобилниот со многу моќен дигитален апарат, кој многумина го сметаат за сериозен конкурент на iPhone. LG U990 е апарат од третата генерација, способен да пренесува податоци преку HSDPA протокол, а тоа што кај овој мобилен привлекува најголемо внимание е дигиталниот фотоапарат.



Фотоапаратот е со пет мегапиксели, а за оптиката е одговорен реномираниот производител "Schneider-Kreuznach". Уредот, исто така, има дигитална стабилизација на сликата, што прв пат се јавува кај мобилен телефон. Комбинацијата на стабилизатор и осетливост од дури ISO 800, ќе ви овозможи да направите солидни фотографии во услови на слабо осветлување. Освен фотографии, со U990 можете да снимате и кратки клипови. U990 има MP3 player и 170 MB интерна меморија. Засега е само познато дека во Европа телефонот ќе биде пуштен во продажба наесен, а цената сѐ уште не е позната.

## "SONY" ПРОИЗВЕДЕ БАТЕРИЈА НА ШЕЌЕР

Компанијата "Sony" ја претстави новата технологија за производство на батерии. Батериите произведуваат 50mW електрична енергија, и тоа само од разградувањето на шеќер (гликоза)!



Батеријата е еколошки разградлива, а направена е од пластична маса, на растителна база. За да функционира на батеријата ѝ е потребна шеќерна мешавина, со чија помош таа произведува електрична енергија.

Јапонскиот електронски гигант сѐ уште не го дефинирал датумот на почетокот на продажбата на овие батерии, но во секој случај во план е комерцијално производство.

